**Проект: Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2**

# Фонд за техничка документација

## Прв повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти

**19 април 2023**

## Содржина


1. Вовед ........ 4

2. Клучни информации за првиот повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти ........ 4

2.1. Достапно финансирање, приоритети и географски опфат на повикот ........ 4

2.2. Преглед на прифатливи и неприфатливи активности и трошоци ........ 7

3. Процедури за аплицирање и евалуација ........ 8

3.1. Основни принципи ........ 8

3.2. Квалификациони критериуми ........ 8

3.3. Процедура за аплицирање ........ 8

3.3.1 Неопходни документи ........ 8

3.3.2 Поднесување на барања за грант ........ 8

3.4. Евалуација, избор и известување ........ 9

3.4.1 Административна проверка ........ 9

3.4.2 Евалуација на барањата за грант ........ 9

3.4.3 Известување за (не)добивање на грантот ........ 9

3.4.4 Клучни датуми на повикот ........ 10

4. Спроведување на проектите/грантовите ........ 10

4.1. Мониторинг, евалуација и известување ........ 10

Анекс 1: Формулар за поднесување на барањето за грант ........ 12

Анекс 2: Критериуми за еваулација на барањата за грант ........ 18

# Повик за финансирање на техничка документација

| **Проект:** Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти | **Датум: април 19, 2023** |
|---|---|
| | Прв повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти |

Почитувани:

Проектот „**Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти**“ ги поканува **општините и центрите за развој на планските региони** да поднесат барања за обезбедување на финансиска помош во изработка на **техничка документација за приоритетни инфраструктурни проекти** во рамките на **Фондот за техничка документација**. Проектот и повикот ги спроведуваат **УНДП** и **Бирото за регионален развој**.

Барањата да се достават електронски на следната E-mail адреса: bmcpi@undp.mk најдоцна до **18 мај 2023** год. При поднесувањето на електронските барања ве молиме користете го следниот наслов на E-mail пораката:

**Фонд за техничка документација: Барање за финансиска поддршка за техничка документација од страна на (***да се наведе името на општината или центарот за развој на планскиот регион***)**

Барањето треба да се поднесе во **PDF формат**. Максималната големина на прикачените документи не треба да надминува **20 MB**. Барањето треба да е валидно најмалку **90 дена** од крајниот рок за поднесување на барањата. Барањето се пополнува на **македонски јазик**.

Избраните општини / центри за развој на планските региони ќе потпишат соодветни договори според кои ќе ја преземат одговорноста за реализација на грантовите. За таа цел **средствата од грантовите ќе им бидат префрлени од страна на УНДП**.

Прашања поврзани со повикот, заинтересираните страни може да ги испратат единствено на bmcpi@undp.mk.

УНДП и Бирото за регионален развој го задржуваат правото да ги изменат барањата на повикот, меѓу другото, како одговор на прашањата од потенцијалните баратели. Доколку промените резултираат со потреба од дополнителна работа од страна на потенцијалните баратели, или истите се прават непосредно пред крајниот рок за поднесување на барањето, УНДП и Бирото може да дозволат продолжување на рокот за доставување на барањата за грант.

## 1. Вовед

**Фондот за техничка документација** (**ФТД**) претставува инструмент за финансиска и техничка поддршка во реализацијата на инфраструктурни проекти на локално, меѓуопштинско и регионално ниво. ФТД е воспоставен со поддршка на проектот на УНДП „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти“ (понатаму во текстот Проектот), финансиран од страна на Шведската агенција за меѓународна соработка (**Сида**) и **Бирото за регионален развој**.

Проектот се спроведува во партнерство со Бирото за регионален развој – Министерство за локална самоуправа, ЗЕЛС, општините и центрите за регионален развој и други засегнати страни на национално и локално ниво.

По успешното спроведување на првата фаза (2019-2022), Проектот се наоѓа во својата втора фаза (2022-2026) во рамките на која ќе се спроведат **три повици** за поддршка во изработка на техничка документација за инфраструктурни проекти на локално, меѓуопштинско и регионално ниво.

Во рамките на Проектот, одговорноста за управување со ФТД постепено ќе се пренесува од УНДП кон Бирото за регионален развој кое ќе ја обезбеди потребната институционална платформа за негово одржливо функционирање во иднина.

Покрај финансиска, ФТД се планира да обезбедува и техничка поддршка, особено на малите и руралните општини, во клучните фази на проектниот циклус на инфраструктурните проекти.

## 2. Клучни информации за првиот повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти

Овој документ/**упатство** обезбедува информации околу бројот и големината на проектите што ќе се финансираат во рамките на првиот повик, типот на релевантни/прифатливи проекти, процедурата за аплицирање, временската рамка за имплементација, потребните квалификациони барања и процедурите за евалуација. Исто така, документот обезбедува информации околу пристапот на имплементација на грантовите/проектите, мониторингот и евалуацијата од страна на УНДП/Проектот.

Главна цел на овој повик е да се обезбедат проекти со висококвалитетна техничка документација која ќе биде соодветна на барањата на клучните меѓународни и домашни донатори и извори на финансирање.

### 2.1. Достапно финансирање, приоритети и географски опфат на повикот

Во рамките на овој повик за финансирање обезбедени се вкупно **10 грантови** за изработка на техничка документација и тоа:

**Табела 1.** Тип број и големина на проекти/грантови

| Тип на проект | Бр. на проекти |
|---|---|
| **Големи проекти/грантови** (до **70,000** американски долари) | 4 |
| **Мали проекти/грантови** (до **30,000** американски долари) | 6 |
| **Вкупно:** | **10** |

- **Големите проекти/грантови** (до **70,000** американски долари) се наменети за регионални, меѓуопштински или проекти од општини со седиште во град со повеќе од 25,000 жители.
- **Малите проекти/грантови** (до **30,000** американски долари) се наменети за проекти поднесени од само една општина со седиште во град или село со најмногу 25,000 жители.

Средствата од грантот се наменети за финансирање на изработката на техничка документација, односно за потребните **проектантски и поврзаните консултантски услуги**. Трошоците за

ревидентските услуги ќе бидат дополнително покриени од страна на УНДП/Проектот и не се дел од грантот[1].

Поточно, грантовите можат да се користат за изработка на **идејни и/или основни проекти и пропратната документација неопходна за обезбедување на решенија за градба** (на пр., елаборати и друга техничка документација од областа на животната средина, заштита при работа, противпожарна заштита, урбанистички проекти). Грантовите не можат да се користат за изработка на **урбанистичка планска документација** и самостојни **физибилити студии**[2].

Добитниците на грант ќе се обврзат да финансираат барем 20% од вкупните трошоци за проектирање. Останатите 80% ќе се покријат со средства од грантот, но не повеќе од максималната вредност на грантовите (30,000 УСД за малите и 70,000 УСД за големите грантови). Дополнително, добитниците на грант ќе се обврзат да ги покријат сите средства над висината на грантот и доколку тоа ги надминува минималните 20% кофинансирање.

Минималното кофинансирање од страна на добитниците на грант за малите грантови (30,000 американски долари) изнесува **6,000 американски долари**, а за големите грантови (70,000 американски долари) **14,000 американски долари**. Доколку е потребно, добитниците на грант ќе обезбедат дополнителни средства заради целосно покривање на трошоците за проектирање во зависност од исходот од постапките за ангажирање на соодветни проектантски фирми.

Согласно развојните приоритети на потенцијалните корисници, како и целите на Проектот, средствата од грантовите може да се користат за изработка на техничка документација за еден или повеќе[3] од типовите на проекти наведени во следната табела:

**Табела 2.** Категории и типови на релевантни проекти за финансирање во рамките на првиот повик

| Категорија | Типови на проекти |
|---|---|
| **Комунална, транспортна и бизнис инфраструктура** | Изградба или реконструкција на локални патишта и улици<br>Подобрување на сообраќајните услови и безбедноста |
| | Изградба / реконструкција / надградба на водоводни системи |
| | Изградба / реконструкција / надградба на фекални канализациони мрежи |
| | Изградба / реконструкција / надградба на атмосферски канализациони мрежи |
| | Инфраструктура за јавен странспорт (на пр., автобуски и железнички станици) |
| | Изградба или реконструкција на мостови |
| | Изградба или реконструкција на велосипедска и пешачка инфраструктура |
| | Инфраструктура за развој на бизниси (на пр., пазари, бизнис зони, бизнис инкубатори, објекти за поддршка на стартапи |
| | Изградба или реконструкција на системи за снабдување со електрична енергија и јавно осветлување |
| **Социјална инфраструктура** | Изградба / реконструкција / надградба на објекти од образование (училишта и градинки) |

[1] Ревизијата на целокупната техничка документација ќе ја вршат соодветни ревидентски компании кои ќе бидат ангажирани од страна на УНДП во рамки на посебни постапки за кои е обезбеден дополнителен буџет.
[2] Како исклучок, физибилити студии и урбанистички проекти може да се прифатат единствено како дел од поширок комплет на техничка документација која што ќе резултира со ревидиран основен проект во рамките на единствен договор за проектирање.
[3] Во рамките на повикот се прифаќаат и „комбинирани проекти“ кои содржат два или повеќе од наведените одделни типови на проекти во табелата сé додека истите може да се изработат во рамките на достапниот буџет.

| | |
|---|---|
| | Центри за социјални и здравствени услуги |
| | Проекти за подобрување на пристапот кон услуги на лица со посебни потреби |
| | Уредување и подобрување на јавни повеќенаменски простори (на пр., спорт, рекреација, семејни и социјални активности) |
| | (Ре)конструкција на културни, историски и уметнички објекти/локалитети |
| **Инфраструктура за животната средина** | Проекти за управување со цврст отпад (на пр., затворање на депонии, објекти за сортирање и рециклирање на отпад, согласно нациоалната регулатива и стратегии) |
| | Изградба / реконструкција / надградба на пречистителни станици за отпадни води |
| | Обновување / регулација на речни корита и проекти за одбрана од поплави |
| | Проекти за енергетска ефикасност и заштеда на енергија |
| | Проекти за обновливи извори на енергија (на пр., фотоволтаични системи) |

**Забелешки**:

1. Краен корисник на изработената техничка документација, може да биде која било јавна институција финансирана од општината којашто се пријавила, а која работи на територијата на таа општина, како што се јавните комунални претпријатија и компаниите за одржување на комуналната инфраструктура, училишта, градинки и други институции. Таквата институција може да има и улога на партнер во пријавата. Меѓутоа, пријавата мора да биде поднесена и потпишана, а спроведувањето да биде гарантирано од одговорно лице од општината што се пријавила. Учеството на крајниот корисник во спроведувањето, на пример, изработката на бараната техничка документација, треба да се опише и објасни во Формуларот за пријавување (Анекс 1).
2. Секоја општина може да поднесе <u>само една</u> пријава, без разлика дали е поединечна или во партнерство со друга општина(и). Меѓутоа ова не важи за пријавите поднесени од Регионалните центри. Ова значи дека општината може да поднесе сопствена или меѓуопштинска партнерска пријава, и во исто време да биде наведена како корисник во пријава поднесена од соодветниот центар за развој на планскиот регион. Центрите можат да поднесат <u>само една</u> пријава, без разлика на бројот на општини во планскиот регион.
3. Типови на проекти коишто не се прифаќаат во рамките на овој повик се:
    - Спортски сали, освен оние што се дел или примарно ги користат и со нив управуваат училиштата
    - Инфраструктурни проекти коишто бараат решавање на имотно-правни прашања (на пр., нејасни или спорни имотно-правни односи)
    - Инфраструктурни проекти коишто служат само на еден корисник и/или на големо претпријатие согласно правилата на ЕУ за автономни, партнерски или поврзани претпријатија
    - Инфраструктурни проекти поврзан со животната средина којшто не е во согласност со националните и ЕУ стратегии, законодавство и насоки.
4. УНДП и БРР го задржуваат правото да прифатат или одбијат некој предлог проект што не е наведен во групата на дозволени и недозволени проекти, проследено со писмено објаснување до барателите на грант.

Што се однесува до географскиот опфат, грант програмата е достапна на сите 80 општини[4] и 8 плански региони.

[4] Градот Скопје не се предвидува да учествува на овој повик.

Согласно приоритетите на Проектот, проектите од областа на животната средина кои што вклучуваат мерки за заштита на воздухот од загадување (на пр., енергетска ефикасност, заштеда на енергија, обновливи извори на енергија), ќе бидат дополнително бодувани согласно табелата за евалуација од Анекс 2.

Како дополнителна придобивка од Проектот, добитниците на грант (општините[5]) ќе имаат можност да добијат стручна и техничка поддршка во **изработката/ревидирањето на своите локални развојни планови**. Тоа ќе се прави со вклучување на надворешни експерти (меѓународен и домашен) и во согласност со новата методологија за планирање која ќе се ажурира со рамките на Проектот.

### 2.2. Преглед на прифатливи и неприфатливи активности и трошоци

Грант програмата обезбедува средства за покривање на **трошоците за проектирање на техничка документација** за приоритетна инфраструктура. Средствата обезбедени од страна на Проектот може да се користат само за **договорни услуги** (**проектирање** и поврзани **консултантски услуги**[6]) преку ангажирање на соодветни лиценцирани компании, овластени инженери (проектанти) и други експерти согласно барањата на националната регулатива.

За да може да се прифатат, трошоците треба да ги исполнуваат следните критериуми:

- Неопходност за успешно постигнување на целите – подготовка на техничка документација
- Трошоците да се разумни, да може да се оправдаат и да соодветствуваат со барањата на доброто финансиско управување, вклучувајќи фер услови за натпревар и обезбедување на добра вредност за парите (value-for-money). Ова треба да се постигне преку спроведување на компетитивни тендерски постапки при изборот на договорни страни (Проектанти)
- Исполнување на барањата на даночната регулатива во земјата
- Претставени се во предложениот буџет кој е дел од барањето за средства/грант

Средствата од грантот не можат да се користат за следните активности:

- Поддршка на политички партии
- Поддршка на потенцијално нелегални активности
- Капитални инвестиции
- Активности надвор од договорениот географски опфат
- Проекти со потенцијално долги и комплицирани процедури за обезбедување на потребните дозволи за градба (на пр., во случај на неразрешени имотно-правни односи)
- Реграантирање на трети страни

Дополнително, Проектот нема да прифаќа намена на средствата за покривање на следните типови на трошоци:

- Хонорари на вработени во општините/центрите за регионален развој, нивни дневници или патни трошоци
- Исплата на долгови или загуби
- Исплата на кредити и камати
- Промени на курсни разлики

[5] Во случај на проект кој е резултат на меѓуопштинска соработка, оваа поддршка ќе се понуди на општината носител на грантот/потписник на договор со УНДП. Во случај на проект поднесен од страна на центар за развој на планскиот регион, поддршката за изработка на локален развоен план ќе биде понудена на општината на чијашто територија би се изведувал најголем дел од проектот или на друга општина предложена од страна на центарот.

[6] На пример, елаборати и друга техничка документација од областа на животната средина, заштитата при работа, противпожарната заштита и др.

- Амортизациони трошоци за опрема
- Купување на земјиште или недвижнини
- Купување на возила
- Плаќање на трошоците за кои се обезбедени средства од други донатори (избегнување на двојно финансирање).

## 3. Процедури за аплицирање и евалуација

### 3.1. Основни принципи

Основните принципи по кои се спроведува овој повик се:

- Избегнување на конфликт на интереси
- Финансиска одржливост на апликантите
- Избегнување на двојно финансирање на проектите
- Доделување на грантовите преку компетитивен процес
- Грантовите ќе се користат за изработка на проекти согласно развојните приоритети на апликантите
- Имплементацијата на проектите/грантовите ќе биде во согласност со комуникациските барања на УНДП/Проектот.

### 3.2. Квалификациони критериуми

Како подносители на барање за грант во рамките на овој повик може да се јават

- Индивидуални општини
- Група на 2 или повеќе општини организирани преку механизам на меѓуопштинска соработка
- Група од 3 или повеќе општини организирани преку механизам на меѓуопштинска соработка или преку центрите за регионален развој

Дополнително, апликантите треба:

- Да бидат директно одговорни за реализацијата на проектот/грантот. Во случај на група на општини, само една од општините или соодветниот центар за развој на планскиот регион ќе го потпишат договорот со УНДП и ќе бидат одговорни за реализацијата на проектот/грантот во име на групата на општини.
- Да назначат соодветен професионален и административен персонал за потребите на имплементацијата на проектот, вклучително и за учество во обуки и други настани организирани од страна на Проектот.

### 3.3. Процедура за аплицирање

#### 3.3.1 Неопходни документи

Подносителите на барање за грант во рамките на повикот треба да ги обезбедат документите наведени во Анекс 1 на овој документ/упатство за општините/центрите за регионален развој. Потребните документи за овој повик може да се преземат од www.undp.org.mk, www.golocal.mk и https://brr.gov.mk/.

#### 3.3.2 Поднесување на барања за грант

Барањата за грант треба да се поднесат електронски на bmcpi@undp.mk. Тие треба да се составени од задолжителните документи (во PDF формат) наведени во Анекс 1. Барателите треба да ја верифицираат комплетноста на апликацијата преку листата на проверки наведена на почетокот на Анекс 1 (Да/Не принцип). Проектот ќе го потврди приемот на барањето преку испраќање на E-mail порака. Барањата кои не соодветствуваат со овие насоки, нема да се земат во предвид при евалуацијата.

### 3.4. Евалуација, избор и известување

Евалуацијата на барањата за грант ќе се прави во две фази и тоа:

1) Административна проверка (потврда за исполнување на формалните барања и доставата на потребните документи)
2) Евалуација на содржината на барањето (тематска евалуација врз основа на категориите и критериумите за евалуација, Анекс 2).

#### 3.4.1 Административна проверка

Сите барања за грант ќе бидат предмет на административна проверка за да се потврди дека се исполнети следните барања/документи:

1) Сите административни и технички барања согласно Формуларот (Анекс 1)
2) Задолжителните документи (Анекс 1)
3) Релевентност на подносителот на барањето (според 3.2. Квалификациони критериуми)
4) Релевантност на предложениот проект (согласно типовите на проекти од Табела 2)
5) Потребен буџет (согласно ограничувањата од Табела 1)
6) Времетраење на проектот/гранот[7]

Поднесените барања кои не ги исполнуваат минималните барања ќе бидат исклучени од понатамошната евалуација.

#### 3.4.2 Евалуација на барањата за грант

Евалуацијата на барањата за грант ќе ја врши комисија со претставници од УНДП и Бирото за регионален развој, со стручна поддршка на соодветни надворешни експерти. По потреба во евалуацијата може да се вклучат претставници на Министерството за локална самоуправа и други институции надлежни за областите во кои припаѓа соодветниот проект.

Евалуацијата ќе се врши согласно следните општи критериуми (деталната табела за евалуација е дадена во Анекс 2):

- Капацитет на апликантот (15%)
- Квалитет на апликацијата/предлог проектот (20%)
- Влијание на проектот (20%)
- Одржливост (15%)
- Иновативност и потенцијал за пресликување/надградба (15%)
- Партнерства (15%)

Максималниот резултат од евалуацијата а **100 поени**. За да може да се финансира, барањето мора да добие најмалку **60 поени**. Изборот на проекти за финансирање, ќе биде врз основа на конечното рангирање според вкупно освоените поени во соодветните категории (мали и големи проекти).

#### 3.4.3 Известување за (не)добивање на грантот

Сите подносители на барања за грант (општини/центри за регионален развој) кои што учествуваат во повикот ќе добијат известување од процесот на евалуација и селекција. Исто така, резултатите ќе бидат објавени на веб страната на Проектот и Бирото за регионален развој.

Барателите кои нема да добијат грант може да бараат појаснување околу причините заради поуспешно аплицирање на следните повици.

---

[7] Идеално, проектот треба да се изработи до крај на 2023 година. Во исклучителни околности, УНДП/Проектот може да дозволи продолжување на овој рок. Тоа ќе се направи во фаза на преговори и пред потпишување на договорот за грантот или при појава на соодветни околности за време на реализациајта на проектот/грантот.

#### 3.4.4 Клучни датуми на повикот

Времетраењето на првиот повик и клучните датуми се претставени во следната табела.

**Табела 3.** Временска рамка и рокови на повикот

| Фаза | Рок |
|---|---|
| Објавување на повикот | 19 април 2023 |
| Рок за поднесување на барања | 18 мај 2023 |
| Евалуација и селекција | 19 мај – 03 јуни 2023 |
| Известување за резултатите | 04 – 05 јуни 2023 |
| Потпишување на договорите | 15 јуни 2023 |
| Период на имплементација на проектот/грантот[8] | 20 јуни 2023 – 30 април 2024 |

## 4. Спроведување на проектите/грантовите

Спроведувањето на грантовите ќе се води согласно соодветни договори кои ќе се потпишат помеѓу УНДП и избраните општини/центри за развој на планските региони. **Финансиските средства од грантот ќе бидат префрлени од УНДП кон избраните општини/центри за развој** на планските региони кои ќе имаат обврска целосно да ги реализираат согласно условите на договорот.

Износот на вкупните средства од грантот ќе биде најмногу 80% од вкупната вредност на проектантските услуги, но не повеќе од максимална вредност на грантот. Дополнително потребните средства (најмалку 20% од вредноста на договорните услуги за проектирање) ќе биде покриена од страна на барателот/ите на грантот.

Префрлањето на средствата е планирано да биде на рати, кои, прелиминарно, може да бидат:

- Прва рата: **20%** по завршување на процесот на набавка и потпишувањето на договор со проектантската компанија
- Втора рата: **50%** по завршување на работната верзија на техничката документација
- Трета рата: **30%** по завршување на комплетната техничка документација и обезбедување на позитивен ревидентски извештај.

Големината и распоредот на ратите може да се адаптира согласно типот и спецификите на избраните проекти.

За време на реализацијата на проектите, претставниците на општините/центрите за развој на планските региони ќе имаат пристап до техничка/стручна помош и обуки од страна на тим на стручни лица[9] (инженери обучувачи). Учеството во обуките ќе биде задолжително, а резултатите и научените лекции ќе бидат пренесени во соодветно упатство/прирачник кој ќе биде споделен со сите општини во државата за идно користење[10].

### 4.1. Мониторинг, евалуација и известување

Избраните општини/центри за развој на планските региони ќе треба да ги следат деталните планови за имплементација кои ќе ги прецизираат активностите поврзани со мониторинг и известување. Мониторинг плановите на секој грантист ќе бидат прилагодени соодветно на типот на проектот и неговото времетраење. Мониторинг процесот ќе се состои од следното:

- Кратки наративни и финансиски извештаи од страна на грантистите кои ќе се поднесуваат до Проектот за одобрување пред плаќање на ратите според договорот
- Посети за мониторинг и верификација од страна на вработени или експерти на Проектот

[8] Роковите може да се прилагодат согласно природата и степенот на развој на проектната идеја.
[9] Соодветно на природата/типот на проектот.
[10] Прирачникот главно ќе содржи насоки за изработка на Проектни програми за проектантски и ревидентски услуги за различни типови на инфраструктурни проекти.

- Стандардна техничка ревизија низ различните фази на изработка на техничката документација од страна на соодветни лиценцирани/овластени ревидентски фирми и експерти.

Трошењето на средствата од грантот треба да биде на увид на Проектот или од негова страна ангажирани евалуатори или ревизори.

## Анекс 1: Формулар за поднесување на барањето за грант

**Забелешка:** Овој формулар (целокупниот Анекс 1) се пополнува, потпишува и поднесува како интегрален документ

### А. Основни податоци:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на општина / центар за развој на планскиот регион: | | Барани средства: | |
| Датум на поднесување на барањето за грант: | | Сопствено кофинансирање: | |
| Листа на општини кои се дел од барањето[11]: | | Контакт лице по однос на барањето за грант: | |

### Б. Листа за проверка:

Пред поднесување на барањето, подносителот треба да провери дали се обезбедени документите од следната табела:

| Потребни документи | Да/Не |
|---|---|
| 1. Изјава за доставени документи и соодветност кон барањата на повикот потпишана од страна на градоначалникот / директорот на соодветниот центар за развој на планскиот регион (формат подолу) | |
| 2. Посебна изјава дека барателот на грант ќе обезбеди кофинансирање од најмалку 20% од трошоците за изработка на техничката документација (проектирање) и дека ќе ги покрие сите трошоци кои евентуално би се јавиле над максималната вредност на грантот (на формат на барателот на грант потпишан од страна на градоначалник или директор на центар за развој на планскиот регион) | |
| 3. Посебна изјава дека предложениот проект не се соочува со имотно-правни прашања (на формат на барателот на грант потпишан од страна на градоначалник или директор на центар за развој на планскиот регион) | |
| 4. Потпишан меѓуопштински договор или меморандум за разбирање/соработки за заеднички настап кон повикот (важи само за проектите доставени од страна на група на општини) | |
| 5. Уредно пополнет формулар со опис на предложениот проект (види подолу под Г. Формулар за презентирање на проектот) | |
| 6. Одлука на советот/советите на општините за поднесување на барањето за грант за избраниот проект (доколку може да се обезбеди при поднесувањето на барањето)[12] | |

Бараните документи се задолжителни (освен под број 6), а нивното недоставување ќе се смета за основа за исклучување на барањето за грант од понатамошна евалуација.

### В. Изјава за доставени документи и соодветност кон барањата на повикот:

| Да | Не | Изјава за разбирање и усогласеност со барањата на повикот | Доказ |
|---|---|---|---|
| ☐ | ☐ | Јас/ние целосно ги разбираме сите барања на повикот опфатено во овој документ/упатство | Не е потребно |
| ☐ | ☐ | Потврдуваме дека ќе обезбедиме кофинансирање од најмалку 20% од трошоците за изработка на техничката документација (проектирање) и дека ќе ги покриеме сите трошоци кои евентуално би се јавиле над максималната вредност на грантот | Одлука на Совет или Изјава од градоначалник / Директор на центар за развој на планскиот регион |

[11] Само за барањата доставени од страна на група на општини
[12] Отсуството на ваква одлука нема да биде причина за дисквалификација на барањето

| Да | Не | Изјава за разбирање и усогласеност со барањата на повикот | Доказ |
|---|---|---|---|
| ☐ | ☐ | Потврдуваме дека предложениот проект не се соочува со имотно-правни прашања. Доколку се појават, прифаќаме грантот да биде прекинат и да ги вратиме целокупните добиени средства на УНДП. | Имотен лист[13] и/или Изјава потпишана од градоначалник / Директор на центар за развој на планскиот регион |
| ☐ | ☐ | Изјавуваме дека ќе ги ангажираме потребните стручни и административни капацитети за успешна реализација на проектот | Имиња и контакти на назначените лица |
| ☐ | ☐ | Изјавуваме дека ќе номинираме соодветни вработени во општината/центарот кои ќе учествуваат во процесите поврзани со Фондот за техничка документација и тоа:<br>- Стручни обуки поврзани со имплементација на грантот/проектот<br>- Обуки поврзани со родова еднаквост, борба против корупција, социјална вклученост во инфраструктурните развојни проекти | Не е потребно |
| ☐ | ☐ | Потврдуваме спремност да ги споделуваме резултатите и научените лекции од спроведувањето на проектот, а наши номинирани претставници ќе учествуваат во изработката на прирачникот за имплементирање на инфраструктурни проекти кој ќе го изработуваат експерти на УНДП | Не е потребно |
| ☐ | ☐ | Потврдуваме дека за истиот проект не се побарани и добиени средства за реализација од други извори на финансирање (избегнување на двојно финансирање) | Не е потребно |
| ☐ | ☐ | Потврдуваме дека немаме никаков конфликт на интерес во добивањето на грантот и имплементацијата на проектот | Не е потребно |
| ☐ | ☐ | Потврдуваме дека добиените средства нема да се трошат за несоодветни активности согласно условите и ограничувањата на овој повик | Не е потребно |
| ☐ | ☐ | Потврдуваме дека предложениот проект е приоритет за општината/општините/регионот и дека ќе вложиме напори да обезбедиме средства за негова имплементација врз основа на добиената техничка документација | Не е потребно |
| ☐ | ☐ | Ја потврдуваме нашата спремност техничките и финансиските аспекти од реализацијата на грантот да бидат предмет на надворешна евалуација и/или ревизија во кој било момент и без претходна најава. | Не е потребно |
| ☐ | ☐ | Потврдуваме дека, доколку нашата општина биде избрана, активно ќе се вклучи во процесот на изработка/ревизија на локалниот развоен план со поддршка на надворешни експерти на проектот | Не е потребно |

Во име на подносителот/подносителите на барањето за грант:

Потпис: ________________________________________

Име: Click or tap here to enter text.

Градоначалник / Директор на центар за развој на планскиот регион: Click or tap here to enter text.

Датум: Click or tap to enter a date.

[13] Ако може да се обезбеди во моментот на поднесување на барањето за грант.

## Г. Формулар за презентирање на проектот[14]

| | |
|---|---|
| **Наслов на проектот:** | |
| **Проект од важност за** (да се заокружи): | 1) Индивидуална општина<br>2) Група на 2 или повеќе општини организирани преку механизам на меѓуопштинска соработка<br>3) Група од 3 или повеќе општини организирани преку механизам на меѓуопштинска соработка или преку центрите за регионален развој |
| **Учесници во проектот** | Општини:<br>Други партнери: |
| **Име на носителот на проектот** (да се заокружи и наведе)[15] | 1) Општина:<br>2) Центар за развој на плански регион: |

| **1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА БАРАТЕЛОТ**<br>*(во случај на партнерски проекти, ископирајте ја оваа табела за онолку партнери за колку што е потребно, при што првата табела да ги содржи информациите за главниот партнер, којшто ќе биде точка за контакт и ќе го потпише договорот со УНДП)* | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Барател (општина или плански регион)** | | | | | | | | | | | | |
| **Овластено лице, функција** | | | | | | | | | | | | |
| **Број за идентификација** | | | | | | | | | | | | |
| **Адреса** | | | | | | | | | | | | |
| **Општина, поштенски број** | | | | | | | | | | | | |
| **Мобилен телефон** | | | | | | | | | | | | |
| **Веб страница на барателот** | | | | | | | | | | | | |
| **Е-пошта на барателот** | | | | | | | | | | | | |
| **(Техничко) лице за контакт, функција** | | | | | | | | | | | | |
| **Мобилен број на лицето за контакт** | | | | | | | | | | | | |
| **Е-пошта на лицето за контакт** | | | | | | | | | | | | |
| **Банка на барателот, адреса на банката** | | | | | | | | | | | | |
| **Бр. на сметката на барателот (IBAN)** | | | | | | | | | | | | |

| **2. ОПИС НА ПРОЕКТОТ** | |
|---|---|
| **Категорија на проект** (види Табела 2): | |
| 1. Комунална, транспортна и бизнис инфраструктура<br>2. Социјална инфраструктура<br>3. Инфраструктура за животната средина | *Избери и внеси една или повеќе (за комбинирани проекти) од опциите на типови на проекти понудени во **Табела 2*** |
| **Вкупна проценета вредност на проектирањето и изведбата на проектот** (во американски долари): | 1. Вредност на проектирањето (УСД):<br>2. Вредност на инвестицијата за изградба (УСД): |

[14] Насоките за барателите се напишани со курзивно писмо.

[15] Се наведува името на општината или центарот за развој на планскиот регион со кој УНДП ќе го потпише договорот за доделување на грант

| | |
|---|---|
| **Краток опис на проектот** *(до 1500 збора):*<br><br>- *Проблем кој ќе се адресира со проектот*<br>- *Релевантни статистички и други податоци*<br>- *Правен основ за проектот (национални, општински, ЕУ)*<br>- *Целни групи со осврт на родови прашања, социјална ранливост и инклузија*<br>- *Планираните проектни активности (не само инфраструктурните аспекти)*<br>- *Цели на проектот: број на корисници, посакувани промени коишто можат да се измерат или друг соодветен показател*<br>- *Усогласеност на проектот со општинските / националните / ЕУ стратегии, планови, политики, други проекти* | |
| **Дали е идентификуван извор за финансирање на проектот?**[16]<br>- | ДА / НЕ<br><br>*Ако одговорот е Да, тогаш обезбедете дополнителни детали, како на пример:*<br>- *Извор на финансирање*<br>- *Дали е планирано аплицирање*<br>- *Кога се очекува да се обезбедат средствата*<br>- *Очекувано времетраење на имплементација на проектот* |
| **Дали постојат имотно-правни или други правни пречки за да се започне со проектирање и/или изведба на проектот?** | ДА / НЕ<br><br>- *Ако е ДА, ве молиме објаснете како и кога се очекува да бидат решени.*<br>- *Ако е НЕ, ве молиме приложете копија од <u>имотен лист</u>* (доколку постои). |
| **Дали проектот е поддржан / одобрен од страна на општинскиот совет(и) и/или избран преку форум(и) во заедницата?** | *Доколку одговорот е Да, ве молиме посочете кој документ може да го докаже ова – записник од седниците, формални одлуки на советот, усвоени / одобрени просторни планови, и сл.* |
| **Доколку проектот се однесува на постоен објект за кој се бара реконструкција / санација / надградба, во молиме обезбедете ги следните податоци:** | Година на градба на објектот:<br>Година на последна реконструкција / санација / надградба:<br>Дали има постојна документација (оригинална или од последна реконструкција / санација / надградба: Да/Не<br>Дали е потребно снимање на објектот (архитектонско, статичко, машинско, елетро или друго): Да/Не (ако Да, наведете каков тип)<br>Наведете информации од одговорните за управување / одржување на објектот: |

| **3. НИВО НА ПОДГОТВЕНОСТ НА ПРОЕКТОТ (СПОРЕД ДОСТАПНАТА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА** | |
|---|---|
| **Документ / тип на потребна техничка документација за бараниот проект** | *(За секој од документите што се наведени во левата колона ве молиме посочите дали документот: а) веќе е подготвен, б) не е потребен, в) е во процес на изработка, или г) се бара (не е финансиран)* |
| Студија за изводливост (физибилити студија), и/или пред-студија на изводливост, и/или анализа на трошоци и добивки од проектот* | *Може да се прифати само како дел од комплетна техничка документација, но не и како самостоен документ* |
| Инвестициска студија или бизнис план* | |

[16] Ова се однесува на средства за инвестиции во изградба, по обезбедувањето на техничката документација која би се финансирала со грант од страна на Проектот

| | |
|---|---|
| Проектна задача | *Во принцип проектните задачи ќе бидат изработувани од добитниците на грантот со поддршка на соодветни експерти на УНДП низ процес на обуки* |
| Идеен проект | |
| Основен проект (со вклучен проектен буџет / предмер пресметка) | |
| Градежна техничка студија *(посочете каква: геодетска, геофизичка, геомеханичка, хидролошка или друго)* | |
| Детален урбанистички план / нацрт-план* | |
| Урбанистички проект | *Може да се прифати само како дел од комплетна техничка документација, но не и како самостоен документ* |
| Студија за влијанието врз животната средина, или студија која треба да утврди дали е потребна проценка на влијанието врз животната средина. | |
| Технички спецификации за опрема (посочете за која опрема) | |
| Друг вид на документација потребна за подготовка на проектот (да се наведе): | |

**Забелешка**: Типовите на документи/техничка документација обележани со ***** не може да се финансираат со средства од грантот. Доколку се потребни, истите може да се финансираат во рамките на обезбеденото ко-финансирање на барателот/барателите на грантот. По исклучок, средствата од грантот може да се искористат за финансирање на физибилити студија доколку истата е дел од комплетот на техничка документација и се вклопува во достапниот буџет.

| **4. ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈАШТО Е ПРЕДМЕТ НА ПРИЈАВАТА ДО ФОНДОТ** | |
|---|---|
| **Документ(и) за кои се пријавувате:** | *Ве молиме посочите кои документи, наведени во претходниот дел, сакате да ги финансирате во рамките на грантот, а кои би ги финансирале во рамките на соптственото учество.* |
| **Оправдување:** *(макс. 500 збора): Ве молиме објаснете зошто оваа документација е неопходна за подготовка на проектот. Ве молиме наведете правни или други референци.* | |
| **Проценета цена на чинење на изработката на проектната документација** (во американски долари) | *Ве молиме наведете ја проценетата цена за потребната документација – посебно за деловите што би се финансирале со средства од грантот и со сопствено учество.*<br>*Напомена: вистинскиот износ ќе биде утврден преку постапката за набавка која ќе ја спроведат добитниците на грантовите. Во случај проценката да е под реалниот износ, доколку истиот е над вредноста на грантот, согласно условите на повикот, корисникот ќе ќе ги кофинансира трошоците до реалната цена.* |
| **Кофинансирање на трошоците за услугите:** | *Ве молиме потврдете дека сте согласни и во можност да ги кофинансирате трошоците во случај тие да го надминат максималниот износ на грантот. До кој максимален износ би можеле да кофинансирате?*<br>*Посочете дали е донесена формална одлука за ова – ако е потпишано писмо за намера или друга обврзувачки документ за оваа цел, ве молиме приложете го со барањето за грантот.*<br>*Забелешка: Проектот ќе покрие до 80% од трошоците за проектирање. Останатите 20% или* |

| | |
|---|---|
| | *повеќе, ќе се покријат со кофинансирање од страна на добитниците на грантови.* |

| **5. КАПАЦИТЕТ НА БАРАТЕЛОТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ** | |
|---|---|
| **Договор за спроведување:**<br><br>*Ве молиме наведете:*<br>• *број и функција на лицата коишто ќе бидат одговорни за секојдневна комуникација со давателите на услуги (инженери, архитекти, и др.); и нивните улоги/обврски;*<br>• *нивното стручно образование и искуство неопходни за да им обезбедат информации на давателите на услуги;*<br>• *друго (техничко) лице(а) за контакт, ако е дополнително на она што е наведено во Дел 1 горе)*<br>• *во случај на меѓуопштинска соработка, ве молиме објасните зошто постои потреба за соработка, кои се причините за изборот на партнерите, и каква ќе биде поделбата на обврските меѓу партнерите што учествуваат*<br><br>*(макс. 1000 збора)* | |
| **Искуство на барателот:**<br>*Ве молиме наведете проекти, со назначена вредност, на подготовка на проектнаа документација со користење на надворешни услуги, од изминатите две години, кои општината ги спровела. Во случај на меѓуопштинска соработка, ве молиме наведете проекти за секоја општина што учествува.* | |
| Градежна техничка студија *(посочете каква: геодетска, геофизичка, геомеханичка, хидролошка)* | 1.<br>2.<br>... |
| Главен градежен проект | 1.<br>2.<br>... |
| Идеен проект за изградба | ... |
| Проект за изградба – Предмер-пресметка | ... |
| Технички спецификации за опрема | ... |
| Детален урбанистички план / нацрт-план | ... |
| Проектна задача – опис на проектот, и др. | ... |
| Проектен буџет (вкл. инфраструктурната компонента) | ... |
| Друго (ве молиме наведете) | ... |

| **5. ОДРЖЛИВОСТ НА ПРОЕКТОТ** |
|---|
| **Мерки за обезбедување одржливост:** *Ве молиме опишете ги мерките што ќе се применат по изработката на техичката документација. Како ќе се организира одржувањето и финансирањето на инфраструктурниот проект. (макс. 1000 збора)* |

Јас, *(име, функција)*, со ова потврдувам дека, врз основа на она што јас го знам, информациите што се дадени во овој Формулар за пријавување се вистинити и точни.

*(Место, датум)* *(потпис)*

## Анекс 2: Критериуми за евaулација на барањата за грант

### А. Административни критериуми и соодветност на барателите / проектите

| Критериум | Статус |
|---|---|
| Дали се поднесени потребните документи, изјави и пополнети формулари согласно барањата на повикот? | Да/Не |
| Дали барателот е подобен согласно правилата на повикот? | Да/Не |
| Дали проектот што е предложен да добие средства за подготовката е опфатен со листата на проекти што се подобни за финансирање? (Табела 2) | Да/Не |
| Дали типот на проектната документација за која се бараат финансиски средства е на листата на соодветни проектни документи? | Да/Не |
| Дали проектот е одобрен/усвоен од општинскиот совет или регионалниот совет и дали одлуката е приложена?[17] | Да/Не |
| Дали имотно-правните односи во врска со имотот/локацијата на која се однесува предлог-проектот се чисти? Дали е кон апликацијата приложен имотен лист[18]? | Да/Не |
| Дали барателот ги доставувал бараните достапни податоци потребни за пресметка на Општинскиот развоен индекс?* | Да/Не |
| Дали проектот ги задоволува критериумите за регионален проект согласно упатствата за рамномерен регионален развој?** | Да/Не |

*Полињата означени со * не важат за пријавите на центрите за регионален развој.*
*Полињата означени со ** важат конкретно за центрите за регионален развој. Критериумите се исти како тие кои се користат при аплицирање за средства од Програмата за рамномерен регионален развој.*

### Б. Табела за евалуација на апликациите

| Категорија за евалуација | Максимални поени |
|---|---|
| **Капацитет на барателот/ите на грант:**<br>• Искуство од претходно спроведени релевантни проекти (5 поени)<br>• Број и квалификации на номинираните претставници (5 поени)<br>• Искуства од претходно учество во Проектот (на пр. Индекс за општински развој, Фонд за техничка документација) (5 поени) | 15 |
| **Квалитет на барањето/предлог проектот**<br>• Квалитет на елаборираната проектна идеја (10 поени)<br>• Начин на презентирање на идејата и пристапот на имплементација (5 поени)<br>• Пристап на следење на успехот на реализација на проектот (5 поени) | 20 |
| **Влијание на проектот:**<br>• Веројатност проектот да биде реализиран (5 поени)<br>• Важност на проектот за општината, регионот, државата (5 поени)<br>• Број на позитивно засегнато население (5 поени)<br>• Дали проектот вклучува мерки за заштита на воздухот од загадување (5 поени) | 20 |
| **Одржливост:**<br>• Веројатност резултатите од проектот да бидат долгорочни/одржливи во зависност од потребата на проектот (10 поени)<br>• Квалитет на елаборацијата на одржливост на проектот (на пр., начин и финансирање на одржувањето) (5 поени) | 15 |

[17] Не е задолжителен критериум, иако се препорачува.
[18] Пожелно е да се достави, но не е задолжителен ако не е достапен во моментот на поднесување на барањето за грант. Доволна е само потпишаната изјава од градоначалникот / директорот на центарот за развој на планскиот регион.

| | |
|---|---|
| **Иновативност, капцитет за пресликување и/или надградба:**<br>• Дали проектот е иновативен на ниво на држава (5 поени)<br>• Дали идејата/проектот може да се надгради или преслика во друг контекст (5 поени)<br>• Дали проектот вклучува мерки за намалување на загадувањето на воздухот од загадување (5 поени) | 15 |
| **Партнерства:**<br>• Број на општини во партнерството* (10 поени кај барања за грант од меѓуопштинска соработка/регионални проекти и 5 поени кај барања од индивидуални општини)<br>• Број на други партнери (5 поени кај барања за грант од меѓуопштинска соработка/регионални проекти и 10 поени кај барања од индивидуални општини) | 15 |
| **Total:** | **100** |

** Важи само за меѓуопштински и регионални проекти*

***Забелешки**:*

- Пристапот на евалуација ќе биде идентичен за проектите поднесени од индивидуални општини и меѓуопштински/регионални проекти. Единствена разлика е во бодувањето на партнерствата како што е покажано во табелата.
- Евалуацијата на барањата/рангирањето според поените ќе биде согласно категоријата за која што е поднесено барањето (проекти одиндивидуална општиини и/или меѓуопштински/регионални проекти).